Насоки за пополнување на пријава за вклучување на локални медиуми во програмата за практикантство на новинари-почетници во рамки на проектот „Заедно за поквалитетно локално новинарство“.

Почитувани,

Центарот за развој на медиумите на заедниците МЕДИУМ, Ве поканува да пополнете пријава за вклучување во практикантска програма од областа на новинарството за потребите на проектот „Заедно за поквалитетно локално новинарство“.

Пријавата пополнета од сите заинтересирани локални медиуми треба да ги содржи следниве информации:

- назив на медиумот;
- општина каде е регистриран;
- краток историјат на локалниот медиум;
- број на вработени во локалниот медиум и потреба од младински новинарски кадар;
- број на млади новинари – практиканти кои би ги ангажирале;
- област од работењето каде имате потреба од вклучување на млади кадри;
- услови, знаења и бенефиции би им ги понудиле на младите практиканти;
- мотив за пријава и за учество во програмата за новинарска пракса и ангажман на младите практиканти;
- име и презиме на лицето за контакт;
- е-маил адреса за контакт;
- телефонски број за контакт.

**Пријавата може да ја најдете достапна на македонски и на албански јазик на следниот линк:**

**Линк за пријава <- тука**

**ВАЖНО:**

**! Ве замолуваме за уредно пополнување на пријавата со опширно одговарање на сите прашања кои се содржани во истата. Нецелосни и неуредни испратени апликации нема да бидат земени предвид и ќе подлежат на директна дисквалификација.**

**! Проектниот фокус опфаќа географска покриеност на западниот регион на Република Северна Македонија, вклучувајќи ги локалните медиуми од општините Гостивар, Тетово, Куманово, Шуто Оризари, Дебар, Кичево, Струга и Охрид – па согласно може да аплицираат медиуми од горенаведените проектни општини.**

Апликацијата треба да се достави не подоцна од **23.02.2024 година (петок), до 16:00 часот.**

Сите апликанти кои доставиле пријава и кои ги исполнуваат условите ќе бидат разгледани од страна на Евалуционата комисија и соодветно известени.

Со почит,
Центар за развој на медиумите на заедниците
МЕДИУМ